Изложбата ја подготви Џудит Голдман во
оработка со Керолин Александер, за Американската агенција за
меѓународна комуникација.
Октомври 1979 - Октомври 1980

Музеј на современата уметност "Скопје"
Скопје, 14-27.5.1980

# ПЕЧАТЕЊЕТО И ИЗДАВАЊЕТО НА ГРАФИКА ВО АМЕРИКА

## ПОЗАЈМУВАЧИ

Brooke and Carolyn Alexander, Њујорк

Brooke Alexander, Inc., Њујорк

Castelli Graphics, Њујорк

Crown Point Press, Оукленд, Калифорнија

Gemini G.E.L., Лос Анѓелес, Калифорнија

Institute for Experimental Printmaking, Сан Франциско, Калифорнија

Landfall Press, Inc., Чикаго, Илиноис

Multiples, Inc., Њујорк

Pace Editions, Њујорк

James Rosenquist, Тампа, Флорида

724 Prints, Њујорк

Tyler Graphics Ltd., Бедфорд, Њујорк

University of New Mexico Art Museum, Албекерки, Ново Мексико

Whitney Museum of American Art, Њујорк

## УМЕТНИЦИ

Џозеф Алберс
Ричард Артшвегер
Џенифер Бартлет
Џек Бил
Ли Бонтеку
Џон Кејџ
Чак Клоуз
Џозеф Корнел
Сузан Крајл
Џим Дајн
Ричард Естис
Хелен Френкентелер
Ненси Грејвс
Ред Грум
Ивон Жакет
Џаспер Џонс
Алекс Кац
Елсворт Кели
Рој Лихтенштајн
Роберт Мадервел
Луиз Невелсон
Кенет Ноуленд
Клес Олденберг
Филип Перлштајн
Феарфелд Портер
Кен Прајс
Роберт Раушенберг
Џејмс Роузенквист
Едвард Руша
Френк Стела

# ПЕЧАТЕЊЕТО И ИЗДАВАЊЕТО НА ГРАФИКА ВО АМЕРИКА

Историјата на американската графика е долга и фрагментарна. Најраните графики биле гравури во вид на огласи, уметнички слики, историски документи и плакати. Тие служеле за ширење на пораките, политичките известувања и давале информации за уметноста.
Во 19 век со дрворезите на Винслоу Хоумер се илустрирале вестите во списанието "Harper' s Weekly", а во литографиите на Џејмс Одибон се сретнуваат класифицирани птици и четвороножци.
Графичката техника била практично средство се до доцните години на 19 век, кога фотографијата ја презема репортерската функција на графиката, а мал број на американски сликари се занимавале со уметничка графика.
И покрај тоа што американските сликари, меѓу кои: Џорџ Белоус,Стјуарт Дејвис, Чајлд Хасем и Џон Слоун создале впечатливи графики, во текот на првата половина на овој век, графиката и понатаму била настрана од главните уметнички насоки. Во тоа време преовладувало вештачкото одвојување на уметностите од занаетчиството, а правењето на графика имало одлики на занает. Сериозните сликари ја сметале графиката за комерцијална уметност со пониска вредност, а во ретки прилики, кога некој поголем сликар, како на пример Милтон Ејвери, создавал и графика, тоа навистина претставувало изненадување. За поголемиот број американски сликари, посебно за апстрактните експресионисти, кои верувале дека сликарството е непосреден емоционален и субјективен чин, графиката со своите долготрајни технички процеси што се обавуваат во временски интервали, претставувале вистинско проклетство.
Во 1960 година, во Америка постоел мал број на работилници за печатење на графика. Во Њујорк се наоѓала графичката работилница на Роберт Блекберн, работилница - ателје, која што уметниците можеле да ја земаат под наем, за еден ден, недела или месец, потоа графичкиот центар Прат, кој повеќе се занимавал со формирање на уметници - графичари, основан од илустраторот на книги Фриц Ајкенберг (кој што се занимавал и со дрворез); работилницата за печатење на графики по порачка "Charles Miller and Son" во која работел и уметникот Џон Слоун - припадник на движењето Ешкен; како и ателјето Univesal Limited Art Editions (ULAE) во Вест Ислип , држава Њујорк, кое било во зачеток, основано од Татјана Гросман. За време на Втората

светска војна во студиото Ателје 17 на Стенли Вилием Хеитер, сликарите Џексон Полок и Роберт Мадервел, почнале да се занимаваат со гравури и бакрорез. Графичките ателјеа почнуваат да никнат и по универзитетите (Јелов, Смитов и универзитетот на државата Ајова). Сепак до пред крајот на педесеттите години на овој век, доколку уметниците надвор од Њујорк кои немале никакви врски со тие универзитети, сакале да направат графика, морале да одат во Париз, како што правеле еден век пред нив Мери Касат и Џејмс Мекнил Вислер.
Две жени - Татјана Гросман и Џун Вејн - биле зачетници на ренесансата на американската графика. Татјана Гросман, родена во Русија, ќерка на графички издавач,1918 година ја напушта Русија и пристигнува во Јапонија. Враќајки се во Европа, студира во Дрезден каде го сретнува сликарот Морис Гросман, со кого се венчава и преминува во Париз каде живее до 1940 година. Истата година бегаат од окупирана Франција преку Пиринеите. Во 1943 година стигнуваат во Њујорк и се населуваат во Гринич Вилиџ. Биле сиромашни. Тој сликал, а таа готвела и го минувала слободното време во њујоршките библиотеки мечтаејќи за издавање книги од областа на уметноста. Откако Морис Гросман доживува срчев напад, Татјана, плашејќи се дека тој повеќе не ќе може да слика, го основа 1950 година ULAE ( Universal Limited Art Editions). Почнувајќи со адаптација на една мала куќа во градината, таа постепено ја ширела активноста работејќи според инстиктот и интуицијата, поттикнувана од љубовта кон печатењето. Татјана Гросман ги повикувала уметниците, кои дотогаш не се занимавале со графика, да се обидат во литографската техника. Уметниците реагирале цинично. Роберт Раушенберг изјавил дека втората половина на 20 век не е момент за цртање на камен. Меѓутоа, кога уметниците покажувале отпор, ситничката, но решителна Татјана Гросман се обраќала кон нив со љубезни и ласкави зборови. Им организирала богати ручеци и им праќала литографски плочи во ателјеата. За неа "не" не бил одговор. Потоа, уметниците почнале сами да ги поканувaат своите пријатели - уметници. Сликарите Лери Риверс и Грејс Хартиген влијаеле на Хелен Франкентелер да се обиде во литографијата. Татјана Гросман го повикала Џеспер Џонс да прави графика. Подоцна Џонс го поттикнал Џим Дајн да работи во УЛАЕ.
Резултатите биле зачудувачки, меѓу нив, "Камења" (1957-59), создадени во соработка меѓу починатиот поет Френк О'Хара и сликарот Лери Риверс; "А ла Пинтура" (1968-72), песна на Рафаел Алберти илустрирана со бакрорези во мека плоча а акватинта на Роберт Мадервел, литографската суита "18 песни" (1963-64) на Барнет Њумен и многубројни литографии, бакрорези, дрворези на повеќе други автори, меѓу кои: Џаспер Џонс, Џејмс Роузенквист Роберт Раушенберг, Ли Бонтеку и Роберт Мадервел. Графиките од студиото УЛАЕ ги утврдуваат мерилата за квалитет во уметноста на печатењето коишто важат и денес.
Во меѓувреме, кога Џун Вејн од Калифорнија (сли-

карка која се занимава и со таписерија), сакала да направи литографија, морала да оди во Париз. На едно од тие патувања се запознала со Мекнил Лаури, управник на Фордовата фондација, кој во тој момент трагал за некој уметнички проект што би го финансирала Фондацијата. Џун Вејн му објаснила дека литографијата одумира. Дека постои мал број на литографски работилници и мошне мал број на мајстори на печатарската вештина. По враќањето во Соединетите Држави, Џун Вејн му го праќа на Маури својот предлог и 1960 година, со помош од 2 милиони долари што ја добила од Фордовата Фондација, ја оснивала литографската работилница "Тамаринд" во Лос Анѓелес.
Целта на "Тамаринд" била да се сочува литографијата преку обучување на мајстори - печатари како занаетчии - соработници. Тие ги надминале и своите најголеми амбиции. Во "Тамаринд" се проучувале сите видови на литографија. Редовно се давале известувања и извештаји за видовите хартија, отпорноста на дејството на светлината, за деловните методи, за начините како да се дојде до алатки и направи за печатење, за одредување цената на литографијата и за штетноста на литографската постапка врз здравјето на оние коишто се занимавале со неа.
Тоа било вистински момент за повторен развиток на литографијата. Во почетокот на шеесеттите години делата на американските уметници буквално течеле од печатарските преси. Енди Воркол ги зголемувал фотографиите на славните личности од Елвис Присли до Џеки Кенеди. Роберт Раушенберг во своите слики користел листови од весници, употребувајќи и стварни предмети: кревети, автомобилски гуми, кози, ткаенина. Темите на Џаспер Џонс - знамиња, нишани, броеви - биле по својата структура линеарно транспонирани. Огромните плакати од огласните табли претставувале извор на инспирација за Џејмс Розенквист; Рој Лихтенстајн ги градел своите слики, користејќи ги стриповите и карикатурите.
И од економски поглед тоа е најдобриот период. Доаѓа до ренесанса на печатарскиот занает и побарувачката за печатените претстави се повеќе расте насекаде каде што има добростоечка средна класа. Така билю и во Антверпен во 16 век, во Англија во 18 и во Франција во 19. Во шеесеттите години во Америка стопанската ситуација била мошне добра, средната класа била во подем. Њујорк конечно го презел од Париз приматот и станал неприкосновена престолнина на современата уметност. Уметноста однедеж стекнала своја нова, голема публика. Трговијата со слики се разгорела и бидејќи сликите станале мошне скапи побарувачката за печатените дела, чија цена била сеуште умерена, станувала се поголема.
Истовремено, мајсторите-печатари, кои го изучувале занаетот во "Тамарин" го напуштаат и основаат сопствени работилници ширум земјата. Џек Лемон, сегашен директор на студиото "Landfall Press" отворил работилници во Канзас сити и во Халифакс. Кенет Тајлер, директор на фирмата "Tyler

Graphics" од Бедфорд во државата Њујорк, помогнал да се основа фирмата "Gemini GEL" во Лос Анѓелес. Ервин Холандер отворил во Њујорк "Hollander 's Workshop", а Цин Милант го основал "Cirrus Editions" во Лос Анѓелес. "Тамаринд" во многу придонел за повторното оживување на графиката во Америка.
Денеска во секој поголем град во Америка се наоѓаат графички ателјеа и печатењето графика станува едноставна можност за многу уметници, а често претставува и значајно проширување на нивната работа во други медиуми.
Уметниците различно ја употребуваат графиката. Преку графиката Џаспер Џонс ја проширува сликарската проблематика. Со повторување на еден мотив тој одново го истражува и го создава истиот. Роберт Раушенберг чини се што може да се замисли со графиката: Графичките "знаци" во почетокот наменети за насловната страна на списанието "Time", макарште на крајот биле одбиени, ги отсликуваат бурните шеесетти години, додека делото "Бизон" претставува дентална разработка на една слика добиена со зголемување на фотографскиот негатив. Ако и дадете на Хелен Френкенталер било која графичка техника таа ќе биде во состојба во неа да направи слика: Џек Бил во своите литографии во туш внесува одлика на сензуален, интимен и класичен стил.
Оваа изложба на американската графика со која се опфатени дела настанати во периодот од дваесет години, е мошне импресивна. Квалитетот и разновидноста на техниките на печатарската продукција изразени во таква мерка не сме имале можност да сретнеме уште од славните времиња на француската графика на деведесеттите години од 19 век.
Дел од заслугите за тоа им припаѓа и на издавачите. Тие не се творци, но сепак се вид на уметници: храбри организатори и покровители, тие ги повикуваат уметниците да ги печатат своите дела, се согласуваат да ги финансираат проектите, се појавуваат во улога на издавачи, доверници, раководители и трговски застапници. Бројот на издавачите е речиси ист како и бројот на уметниците кои се занимаваат со графика.
Графиките што ги издаде фирмата "Gemini GEL" во времето на управата на Кенет Тајлер го издразуваат блескавиот сјај на индустриската естетика; мазната површина, контрастниот печат, карактеристичното мешање на боите, укажуваат на силната сина боја на калифорниските базени за пливање, на холивудскиот пејсаж.
Во последно време технолошката инвентивност на работилницата "Џемини" не е толку изразена. Сликите се посмирени, печатењето помеко.
Графиките што Тајлер сега ги издава во својата фирма "Tyler Graphics Ltd", во Брадфорд исто така се поинакви. Своето воодушевување од технологијата, Тајлер го свртел кон старинските рачни постапки, како што е самото предавање на хартијата. Тој ги убедувал уметниците сами да се обидат да работат со каша од хартија. Различните тонови на суптилната црна боја, тактилните особини на површините, љубовта кон хартијата и трајниот квалитет и понатаму се карактеристики

на графиките што го носат знакот ULAE, додека графиките на фирмите "Parasol Press" и "Crown Point Press" зрачат со смирена прецизност на минималистичката естетика. Другите издавачи одлучно одбегнувале да им дадат специфичен изглед на своите изданија. Брук Александер се одлучи на тоа да нема сопствена работилница, плашејќи се од фактот дека со постојаното печатење неминовно би се оформил и одредил стил на работилницата. Тој посредува во запознавањето меѓу уметникот и печатот, издава она што лично го интересира, трагајќи за содржината во сликите. Истото тоа го прават и Мериен Гудмен за фирмата "Multiples", Џек Лемон за "Landfall Press", Гарнер Талис од Институтот за експериментална графика. Оваа изложба ги афирмира американските сликари-графичари, афирмирајќи го истовремено и вкусот, стилот и определбата на нивните издавачи и мецени.

Џудит Голдман

# КАТАЛОГ

| | | |
|---|---|---|
| ЏОЗЕФ АЛБЕРС<br>Меѓу редови, 1962 | РИЧАРД ЕСТИС<br>Ориентален ресторан, 1972 | ЕЛСВОРТ КЕЛИ<br>Слика на боена хартија VI, 1976 |
| РИЧАРД РАУШЕНБЕРГ<br>Ентериер, 1972 | ХЕЛЕН ФРЕНКЕНТЕЛЕР<br>Домет на жолтото, 1968 | РОЈ ЛИХТЕНШТАЈН<br>Пласт сено, 1969 |
| ЏЕНИФЕР БАРТЛЕТ<br>Ден и ноќ, 1978 | НЕНСИ ГРЕЈВС<br>Онон, 1977 | РОБЕРТ МАДЕРВЕЛ<br>Без наслов, 1974-75 |
| ЏЕК БИЛ<br>Остриги, вино и лимуни, 1974 | РЕД ГРУМС<br>Матис, 1976 | РОБЕРТ МАДЕРВЕЛ<br>Св. Михаил III, 1975-79 |
| ЛИ БОНТЕКУ<br>Без наслов шестиот камен II, 1964 | ИВОН ЖАКЕТ<br>Семафор, 1973 | ЛУИЗ НЕВЕЛСОН<br>Месечева градина, 1976 |
| ЏОН КЕЛЏ<br>17 цртежи од Торо, 1978 | ЏАСПЕР ЏОУНС<br>Глас, 1966-67 | КЕНЕТ НОУЛЕНД<br>Нишан без наслов, 1978 |
| ЧАК КЛОУЗ<br>Автопортрет, 1978 | ЏАСПЕР ЏОУНС<br>Фигура 7, 1968 | КЛЕС ОЛДЕНБЕРГ<br>Лажица-кеј, 1975 |
| ЏОЗЕФ КОРНЕЛ<br>Хотел Север, 1972 | ЏАСПЕР ЏОУНС<br>Без наслов, 1976 | КЛЕС ОЛДЕНБЕРГ<br>Чикаго исполнет со броеви, 1977 |
| СУЗАН КРАЈЛ<br>Тројно свиткување I-III, 1979 | АЛЕКС КАЦ<br>Пливач, 1974 | ФИЛИП ПЕРЛШТАЈН<br>Мачу пичу, 1978-79 |
| ЏИМ ДАЈН<br>Жена од Азија, 1976 | | ФЕАРФЕЛД ПОРТЕР<br>Маса, 1970 |

КЕН ПРАЈС
Чаша-фигурина II, 1970

РОБЕРТ РАУШЕНБЕРГ
Единица (Бизон), 1969

РОБЕРТ РАУШЕНБЕРГ
Знаци, 1970

ЏЕЈМС РОУЗЕНКВИСТ
Ноќен чад II, 1969-72

ЕДВАРД РУША
Лонг Холивуд, 1969

ЕДВАРД РУША
000, 1970

КЕН ПРАЈС и ЕДВАРД РУША
Без наслов, 1969

ФРЕНК СТЕЛА
Ривер од Пондс II, 1971

ФРЕНК СТЕЛА
Таинствената птица од
Улиета, 1977

РИЧАРД ТАТЛ
Графика, 1976

ВИЛЈЕМ ВАЛЛИ
Виздам, 1972

ТЕО ВУДИК
Алекс Кац, 1972

# БИОГРАФИИ НА УМЕТНИЦИТЕ

ЏОЗЕФ АЛБЕРС
Роден: 19 март, 1888 во Ботроп, Вестфалиа, Германија, емигрирал во САД во 1933 година.
Умрел: 26 март, 1976 година во Њу Хејвен, Конектикат.
Студии: Кралското уметничко училиште во Берлин (1913-1915), Училиште за применета уметност, Есен (1916-19), Уметничка академија, Минхен (1919 - 1920), Баухаус, Вајмар (1920-1923). Алберс ги изработи своите први графики, дрворези и литографии во 1916 година. За време на целиот живот графиката му претставуваше главна активност. Работеше во разни форми на графика: ситопечат, сува игла, гравури на резопал. Во 1963 година ја доби стипендијата на Тамаринд работилницата за литографија во Лос Анѓелес. Меѓу издавачите за кои работел ќе ги спомeнеме следните: Denise Rene, Париз; Aegis Verlag, Баден-Баден; Ives-Sullman, Inc., Њу Хејвен; Gemini G.E.L., Лос Анѓелес; Brooke Alexander, Inc., Њујорк; Tyler Graphics, Бедфорд, Њујорк.

РИЧАРД АРТШВЕГЕР
Роден: 25 декември, 1924, во Вашингтон.
Студии: приватно со Амедее Озенфант; на универзитетот Корнел. Артшвегер ја изработи својата прва графика "Ентериер" за издавачот Brooke Alexander во 1972 година. Пред тоа, тој вели, не бил заинтересиран да ја истражува областа на графиката. Неговите дела најчесто се печатат кај Pat Branstead и од страна на Одделот за графика при универзитетот Корнел. Уметникот живее во Њујорк.

ЏЕНИФЕР БАРТЛЕТ
Родена: 14 март 1941 год. во Лонг Бич, Калифорнија.
Студии: дипломирала на колеџот Милс во 1963, а магистрирала на Јеловит универзитет во 1965 заедно со Џек Творков, Џејмс Розенмист, Ал Хелд и Џим Дајн. Својата прва графика "Ден и ноќ", во техниката сува игла, ја изработила за издавачката куќа Multiples од Њујорк. Нејзините дела се издавани и од Brooke Alexander од Њујорк. Живее во Њујорк.

ЏЕК БИЛ
Роден: 25 јуни 1931 во Ричмонд, Вирџинија.
Студии: колеџот на Виљем и Мери, Институтот за политехника, Вирџинија (1953-56), Институтот за уметност во Чикаго заедно со Кетлин Блекшир. Како студент при Институтот за уметност, Бил работеше графики, но тој вели "тие не важат". Неговата прво издадена графика "Нараквицата на Дојл", литографија, се

појави во "Шест уметници од Њујорк" (1970), брошура издадена од издавачот Brooke Alexander од Њујорк. Графиките му ги печати Brooke Alexander од Њујорк. Постојано место на живеење му е Њујорк и Онеота, Њујорк.

ЛИ БОНТЕКУ
Роден: 15 јануари 1931 во Провиденс, држава Род Ајленд.
Студии: Брадфорд јуниор колеџ со Роберт Вејд, Арт студентс лиг (1952-55) со Виљем Зорах и Џон Хованес.
Бонтеку ја изработи својата прва литографија со наслов "Прв камен" во 1962 кај Universal Limited Editions од Вест Ислип, држава Лонг Ајленд. Има често публикувано и кај Leo Castelli, Њујорк.

ЏОН КЕЏ
Роден: 5 септември 1912, во Лос Анѓелес, Калифорнија.
Студии: клавир со Фани Дилон, Ричард Булиг, Лазаре Елиот, композиција со Адолф Вајс и Хенри Кавел а со Шоенберг на Универзитетот во Калифорнија. Првата своја гравура ја изработи во 1978 година под наслов "17 цртежи од Торо" во печатницата Crown Point Press во Оукленд, Калифорнија. Уметникот живее во Њујорк.

ЧАК КЛОУЗ
Роден: 5 јуни 1940 во Монроу, Вашингтон.
Студии: дипломирал на Универзитетот во Вашингтон (1958-62), Јеловиот универзитет (летно училиште 1961), дипломирал ликовна уметност (1962-64) а магистрирал ликовна уметност 1964 година на Јеловиот универзитет, Akademie der Bildenen Kunste, Виена (1964 - 65). Клоуз ја изработи првата мезотинта под наслов "Кејт" кај Parasol Press, Њујорк и Pace Editions, Њујорк. Уметникот живее во Њујорк.

ЏОЗЕФ КОРНЕЛ
Роден: 24 декември 1903 во Биак, Њујорк.
Образование: самоук. Корнел универзитетот прв му ја објави графиката "Хотел Север" во 1972, свилено ситопечат, заедно со издавачот Brooke Alexsander од Њујорк. Умрел: 29 декември 1972, Њујорк.

СУЗАН КРАЈЛ
Родена: 12 август 1942, во Кливленд, Охајо.
Студии: дипломирала на Бенингтон колеџот во 1965 година со Естебан Виценте и Винсент Лонго. Крајл ја издаде својата прва литографија "Областа Вашингтон" во 1973 кај Brooke Alexander, Inc., Њујорк. Неговите дела ги издава 724 Prints, Њујорк. Живее во Њујорк.

ЏИМ ДАЈН
Роден: 16 јуни 1935 година во Синсинати, Охајо.
Студии: Универзитетот во Синсинати, Бостонското музејско училиште, дипломирал во 1957-58 на Универзитетот во Охајо. Како студент Дајн правеше дрворези исполнети со лутина. Работеше и суви игли за Pratt Graphics Center од Њујорк во 1961. Тој е плоден графичар чии дела ги издаваат Universal Limited Art Editions, од Вест Ислип, Лонг Ајленд; Peterburg Press Ltd., Лондон, како и Pace Editions од Њујорк. Графиките, вели Дајн "се причина за некои од моите масла. Литографиите одземаат доволно време, толку многу што ме тераат да размислувам за се." Уметникот живее во Њујорк и Патни,

РИЧАРД ЕСТИС
Роден: 1936 во Еванстон, Илиноис.
Студии: Институтот за уметност во Чикаго (1952-56). Естис, за прв пат печати серија ситопечати под наслов "Градски пејсажи 1", издадени од Parasol Press, Њујорк во 1971. Естис вели дека "привлечноста на ситопечатот е во неговата густина, непрозирноста, е потполно спротивна на транспарентноста кај другите техники. Ситопечатот е поблизок до моите масла." Уметникот живее во Њујорк.

ХЕЛЕН ФРАНКЕНТЕЛЕР
Родена: 12 декември 1928 во Њујорк.
Студии: Далтон училиштето со Руфино Тамајо, дипломирала на Бенингтон колежот (1945-49) со Пол Фили; Арт студент лиг со Вацлав Витлацил (1946), со Вацлав Харисон (1948) и со Ханс Хофман 1950. Кога Франкентелер работеше гравури и линорези на колаж, техниката не и се допаѓаше. Својата прва графика, литографијата "Прв камен", ја издаде кај Universal Limited Art Editions, Вест Ислип, Лонг Ајленд. Графиките ги печати во овие издавачки куќи: Universal Limited Art Editions,; Tanglewood Pres, Њујорк; 2RC Editrice, Рим; John Berggruen Gallery, Сан Франциско и Tyler Graphics Ltd., Бедфорд, Њујорк. Уметникот живее во Њујорк.

НЕНСИ ГРЕЈВС
Родена: 23 декември 1940 во Питсфилд, Масачусетс.
Студии: дипломирала на Васар колеџот (1961), дипломирала ликовна уметност на Јеловиот универзитет (1962) а магистрирала 1964. Ненси Грејвс ги издаде своите први литографии во 1972 кај Landfall Press, Чикаго. Делата и се публикувани од: Simca Print Artists Inc., Њујорк; Tyler Graphics Ltd., Бедфорд, Њујорк и 2RC Editrice, Рим. Уметникот живее во Њујорк.

РЕД ГРУМС
Роден: 1-ви јуни, 1937 во Нешвил, Тенеси.
Студии: Пибоди колеџот, приватно со Ван Сајкл, Новото училиште за друштвено истражување, Институтот за уметност во Чикаго, Хофман училиштето, Принтстон. Го изработи првиот бакрорез во 1962-63 за Galeria Schwarz, Милано. Делата му ги издаваат Abrams Original Editions, Њујорк како и Brooke Alexander Inc., Њујорк. Уметникот живее во Њујорк.

ИВОН ЖАКЕТ
Родена: 15 декември, 1934 во Питсбург, Пенсилванија.
Студии: Училиштето за дизајн во Род Ајленд (1953-57); со Џоана Фрејзер; потоа со Херман Чери во Њујорк. Жакет ги изработи првите литографии за време на студиите на Училиштето за дизајн во Род Ајленд. Омилена техника и е литографијата со рачно цртање. Делата ги издава кај Brooke Alexander, Њујорк. Живее во Њујорк.

ЏАСПЕР ЏОНС
Роден: 15 мај, 1930 во Огаста, Џорџија.
Студии: Универзитетот во Јужна Каролина. Џонс ја изработи првата литографија "Мета" во 1960 година кај Universal Limited Art Editions, Вест Ислип, Лонг Ајленд. Неговите дела се печатени кај Universal Limited Art Editi-

ons; Gemini G.E.L., Лос-Анѓелес; Simca Print Artists Inc., Њујорк и Peterburg Press, Ltd., Лондон. За печатењето графики Џонс вели: "Тенденцијата при печатењето графики е да се размислува низ дискретни операции и дискретни цели...ми се допаѓа помислата дека ќе можам да ги употребам овие дискретни операции на таков начин што ќе предизвикам сомневање за нивната примена". Уметникот живее во Стоуни Поинт, држава Њујорк.

АЛЕКС КАЦ
Роден: 24 јули, 1927 година во Њујорк.
Студии: Купер јунион, Њујорк; училиштето Скоухеган во Мејн. Кац ја направи својата прва сува игла во 1946 - 47 кај Robert Blackburn's Young Artists Guild на 14-тата улица во Њујорк. Првиот ситопечат го изработи во 1965 година под наслов "Луна парк I" кај Chiron Press, Њујорк. Делата му ги издаваат Bank Street Atelier, Њујорк; Mourlot, Њујорк; Simca Print Artist, Inc., Њујорк; Marlborough Graphics, Њујорк; и Brooke Alexander Inc., Њујорк. Уметникот живее во Њујорк.

ЕЛСВОРТ КЕЛИ
Роден: 31 мај 1923 во Њубург, држава Њујорк.
Студии: Музејското училиште од Бостон, Академијата на убавите уметности, Париз. Кели ја изработи првата графика, литографија, во Париз во 1950 година. Делата му се издадени од: Maeghot Editeur, Париз; Hollander's Workshop, Њујорк; Atelier Mourlot, Њујорк; Gemini G.E.L., Лос Анѓелес и Tyler Graphics Limited, Бедфорд, Њујорк. Уметникот живее во Катман, Њујорк.

РОЈ ЛИХТЕНШТАЈН
Роден: 27 октомври 1923 во Њујорк.
Студии: дипломирал уметност на Државниот универзитет во Охајо (1940-43) а магистрирал 1946-49; Арт студентс лиг (1940) со Региналд Марш. Лихтенштајн го изработи првиот бакрорез за Galeria Schwarz, Милано во 1962. Делата му се издадени од Leo Castelli Gallery, Њујорк; Kornfeld & Klipstein, Берн; Wadsworth Atheneum, Хартфорд, Конектикат; Bianchini Gallery, Њујорк; Original Editions, Њујорк; Tanglewood Press, Inc., Њујорк; Tyler Graphics, Ltd., Бедфорд, Њујорк и Gemini G.E.L., Лос Анѓелес. Уметникот живее во Саутамптон, Њујорк.

РОБЕРТ МАДЕРВЕЛ
Роден: 24 јануари 1915 во Абердин, држава Вашингтон.
Студии: дипломирал на Станфорд универзитетот (1932-37), училиштето за убавите уметности во Калифорнија (1935), Харвардовиот универзитет (1937-38), Универзитетот во Гренобал во летото 38, на универзитетот Колумбија (1940-41). Мадервел почна да работи за Stanley William Hayter's Atelier, Њујорк во 1945 г. Првите литографии ги изработи кај Universal Limited Art Editions, Вест Ислип, Лонг Ајленд во 1961 година. Делата му се публикувани од Hollander's Workshop, Њујорк; Gemini G.E.L., Лос Анѓелес; Tyler Graphics, Ltd, Бедфорд, Њујорк и Brooke Alexander, Inc., Њујорк. Уметникот живее во Гринич, Конектикат.

ЛУИЗ НЕВЕЛСОН
Родена: 1900 во Киев, Русија, емигрирала во САД во 1905 година.
Студии: Арт студентс лиг (1929-30) со Кенет Хејс Милер, Хофман училиштето, Минхен (1931). Невелсон го изработи првото клише кај Stanley William Hayter's Atelier, Њујорк. Делата и се издадени од Hollander's Workshop, Њујорк; The Tamarind Institute, Албукерки, Ново Мексико.

КЕНЕТ НОУЛЕНД
Роден: 10 април 1924 во Ешвил, Северна Каролина.
Студии: Блек моунтејн колеџ (1946) со Илја Болотовски; Задкин училиштето за скулптура во Париз (1948-49). Ноуленд ја изработи својата прва графика, во техниката ситопечат на свила, во 1968. Во 1976 година, работеше со силуети од хартија заедно со Гарнер Талис на Институтот за експериментална графика во Лос Анѓелес. Делата му се издавани од овој институт, а има печатено и кај Tyler Graphics, Ltd., Бедфорд, Њујорк. Уметникот живее во Јужен Салем, држава Њујорк.

КЛЕС ОЛДЕНБЕРГ
Роден: 28 јануари, 1929 во Стокхолм, Шведска.
Студии: дипломирал на Јеловиот универзитет, 1950; Институт за уметност во Чикаго (1952-55) со Пол Вихард. Олденберг почна да изработува графики кај Pratt Graphics Center Њујорк во 1960 година. Делата му се издавани од Martha Jackson Gallery, Њујорк; Pratt Graphic Center, Њујорк; Hollander's Workshop, Њујорк; Atelier Mourlot, Њујорк; Peterburg Press Ltd., Лондон; Gemini GEL, Лос Анѓелес; Landfall Press, Inc., Чикаго; Styria Press, Њујорк; Universal Limited Art Editions, Вест Ислип, Лонг Ајленд;Crown Point Press, Оукленд, Калифорнија. Уметникот живее во Њујорк.

ФИЛИП ПЕРЛШТАЈН
Роден: 24 мај 1924 во Питзбург, Пенсилванија.
Студии: Карнеги институтот за технологија со Сем Розенберг, Роберт Лепер, Балком Грин; дипломирал на Универзитетот во Њујорк 1949 а магистрирал 1955. Перлштајн ја издаде својата прва литографија со наслов "Карпа на брегот Амалфи" во 1959 кај Peridot Gallery. Делата му се печатени од Brooke Alexander, Њујорк; Landfall Press Inc., Чикаго; Pyramid Art Ltd.,Тампа; Tamarind Lithography Workshop, Лос Анѓелес; 724 Prints Inc., Њујорк. Уметникот живее во Њујорк.

ФЕАРФЕЛД ПОРТЕР
Роден: 10 јуни 1907 во Винетка, Илиноис.
Умрел: септември 1975 во Саутамптон, држава Њујорк.
Студии: Харвардовиот универзитет,Арт студентс лиг со Бордман Робинсон и Томас Харт Бентон. Портер ги изработи своите први линорези во триесеттите години, а офсет литографиите во раните шеесетти на овој век. Првата литографија "Куче пред врата" ја изработи во 1970-71 кај Bank Street Atelier, Њујорк. Неговиот главен издавач беше Brooke Alexander Inc., Њујорк.

КЕН ПРАЈС
Роден: 1935 во Лос Анѓелес, Калифорнија.
Студии: Универзитетот во Калифорнија, Отис арт институтот; Чауинард арт институтот; Универзите-

ден, Масачусетс.
Студии: Филипс академија-та со Патрик Морган; Принстон универзитетот со Вилјем Зајс и Стивен Грин. Френк Стела ја изработи својата прва графика во ситопечат техниката во 1961 година за издавачот Wadsworth Atheneum, збирката "Десет дела + десет уметници". Делата му се печатени од: Gemini G.E.L., Лос Анѓелес; Petersburg Press, Лондон и Tyler Graphics Ltd., Бедфорд, Њујорк. За изработувањето графики, Стела вели: "Го сметам за нужно зло". Уметникот живее во Њујорк.

РИЧАРД ТАТЛ
Роден: во Ровеј, држава Њу Џерси.
Студии: Тринити колеџот, Хартворт, Конектикат, 1963; Купер Јуниор, Њујорк. Татл ја издаде првата графика, под наслов "Во слава на економскиот детерминизам" во 1971 година кај издавачот Brooke Alexander, Inc., Њујорк. Има исто така издадено кај Edition der Heiner Friedrich, Минхен. Од 1971-77 изведуваше лични и посебни испитувања во областа на графиката за да на крајот заклучи: "Графиката не е за мене". За графичкиот медиум Татл вели: "Учењето со работа е една привилегија со која американските уметници се здобија". Уметникот живее во Њујорк.

ВИЛЈЕМ ВАЈЛИ
Роден: октомври, 1937, во Бедфорд, Индијана.
Студии: Калифорниското училиште за убавите уметности (1956-60), Институтот за уметност во Сан Франциско каде магистрирал 1962. Вајли ја изработи својата прва графика, литографијата со наслов "Thank Yute Rumble " за издавачот Landfall Press, Чикаго во 1972 г. Делата ги издава кај следниве издавачи: Cirrus Editions, Лос Анѓелес; Crown Point Press, Inc., Чикаго; и Paul Facchetti, Париз. Уметникот живее во Видејкр, Калифорнија.

ТЕО ВУЏИК
Роден: 1936 во Детроит, Мичиген.
Студии: дипломирал на Центарот за креативни студии., Детроит (1958-62) Креативното графичко училиште, Њујорк (1959), Универзитетот на Ново Мексико (1967) со Гаро Антресијан; Тамаринд литографската работилница, Лос Анѓелес (1967-68). Како студент по уметност, тој се занимавал со изработка на графики. Ја издава својата прва литографија "Homage to B.A.B." во мај 1968 година во Tamarind Lithography Workshop, Лос Анѓелес. Делата му се печатени од: Brooke Alexander, Inc., Њујорк и Pyramid Arts, Тампа, Флорида. Уметникот живее во Тампа на Флорида.

- Талиа К. Грос